**Пред употреба на лекот внимателно прочитајте го упатството**

- *Чувајте го упатството. Можеби ќе треба да го прочитате повторно.*
- *Ако имате дополнителни прашања, обратете се кај Вашиот лекар или фармацевт.*
- *Овој лек Ви е пропишан Вам и не треба да им го давате на други лица, бидејќи може да им наштети, дури и ако нивните симптоми се исти како Вашите.*

**Внатрешното упатство содржи:**


1. *Што претставува Кутерид Г и за што се употребува*
2. *Што мора да знаете пред да го употребите Кутерид Г*
3. *Како да го употребувате Кутерид Г*
4. *Можни несакани дејства*
5. *Чување и рок на употреба на Кутерид Г*


## Kuterid®G/ Кутерид® Г 0,5 mg + 1 mg/1 g маст

BETAMETHASONE / GENTAMICIN

Активни супстанции: бетаметазон и гентамицин.
Помошни супстанции: метилхидроксибензоат, течен парафин, бел мек парафин.

Име и адреса на носителот на одобрението за ставање во промет: Лек Скопје ДООЕЛ, „Перо Наков“ бр.33, Скопје, Р.Македонија.

Име и адреса на производителот: Lek farmacevtska družba d.d., Verovškova 57, Љубљана, Словенија; Salutas Pharma GmbH, Остервединген, Германија.

## 1. Што претставува Кутерид Г и за што се употребува

Еден грам (1 g) маст содржи 0,5 mg бетаметазон во форма на бетаметазон дипропионат и 1 mg гентамицин во форма на гентамицин сулфат.

Содржина на пакувањето:
Кутија со алуминиумска туба што содржи 15 g маст.

Бетаметазон спаѓа во групата таканаречени кортикостероиди што го олеснуваат воспалението и го спречуваат размножувањето на клетките. Наменет е за локален третман на заболувања на кожата што реагираат на кортикостероидна терапија.

Гентамицин е антибиотик со широк спектар на дејство што е ефикасен за локален третман на инфекции на кожата.
Кутерид Г се употребува за заболувања на кожата што реагираат на кортикостероидна терапија, инфицирани со микроорганизми чувствителни на гентамицин. Маста е погодна за лекување болести на кожата придружени со појава на суви инфицирани промени на кожата и лупење.

## 2. Што треба да знаете пред да го употребите Кутерид Г

**Не треба да го употребувате Кутерид Г ако:**

- сте пречувствителни на бетаметазон, гентамицин и/или на друг аминогликозид или на која било од помошните состојки на лекот,
- сте пациенти со туберкулозни оштетувања на кожата или ако имате исипување по вакцинација,
- имате вирусни инфекции на кожата, како што се херпес, сипаници (варичела) или слично,
- имате кожни улкуси и рани,
- имате акни, состојба позната како розацеа (сериозно црвенило на кожата на носот и околу носот), периорален дерматитис (црвенило со исипување околу устата) или стрии,
- сте пациенти со сериозни ренални оштетувања.

Маста Кутерид Г не смее да се употребува кај деца на возраст под една (1) година.

**Бидете особено внимателни со Кутерид Г ако:**

- маста се користи подолг временски период (повеќе од две-три недели) или на големи површини и на чувствителни делови од кожата; лекарот треба да ја следи Вашата состојба поради појава на какви било системски дејства од кортикостероидите или од гентамицинот,
- маста се користи под оклузивен завој; употребата на ваков завој е можна само кај одредени оштетувања на кожата и само во текот на ноќта; потоа третманот треба да биде без завој,
- имате нарушена циркулација на крвта во нозете поради постоење на ризик од кожни улкуси,
- овој лек е наменет за Вашето дете што е на возраст од една до 12 години,
- сте повозрасен пациент,
- имате од мало до умерено оштетување на бубрезите или на црниот дроб,
- имате одредено заболување што се карактеризира со мускулна слабост.

Потребно е да го информирате Вашиот лекар за овие состојби.

Кутерид Г не треба да се става на делови од кожата што се инфицирани со габи или со бактерии што се нечувствителни на гентамицин, освен ако истовремено не се употребува и соодветен антибиотик. Бетаметазон дипропионат може да ги маскира знаците на инфекција.

Треба да се избегнува ставање маст на лицето и на делот околу очите и да се внимава да не навлезе во нив.
Продолжената употреба на гентамицин може да предизвика прекумерен раст на нечувствителни микроорганизми. Во таков случај лекувањето треба да се прекине.

Доколку се појават знаци на пречувствителност (хиперсензитивни реакции) или системска апсорпција, лекувањето треба да се прекине.

Ве молиме да се посоветувате со лекар и тогаш кога горенаведените укажувања се однесувале на Вас кога било во минатото.

**Бременост**
*Советувајте се со Вашиот лекар или фармацевт пред да земете каков било лек.*
Безбедноста од локална употреба на Кутерид Г за време на бременост и доење не е потврдена. Поради тоа, оваа маст не треба да се употребува за време на бременост, освен во исклучителни случаи кога очекуваната корист за мајката го надминува можниот ризик за фетусот.

**Доење**
*Советувајте се со Вашиот лекар или фармацевт пред да земете каков било лек.*
Доколку доите, не смеете да ја нанесувате маста на кожата на градите.

**Влијание врз способноста за возење или за ракување со машини**
Маста Кутерид Г не влијае врз способноста за возење или за ракување со машини.

**Употреба на други лекови**
Ве молиме да имате предвид дека овие укажувања можат да се однесуваат и на препаратите што сте ги земале во минатото или ќе ги земате во иднина.
Ве молиме да го информирате Вашиот лекар или фармацевт ако земате или ако неодамна сте зеле кој било друг лек, дури и оние што не се на лекарски рецепт.

При истовремена употреба на Кутерид Г со системски кортикостероиди можна е појава на поизразени несакани дејства.
Маста Кутерид Г не треба да се користи заедно со други лекови за локална употреба.

**Важни информации за некои составни компоненти на лекот Кутерид Г**
Кутерид Г содржи метилхидроксибензоат што може да предизвика алергиски реакции (можни одложени реакции).

## 3. Како да го употребувате Кутерид Г

Строго придржувајте се на упатствата од лекарот. Не смеете да ги менувате дозите или да го прекинувате лекувањето без да се советувате со лекар.

Маста Кутерид Г е наменета само за надворешна употреба на кожата.

Вашиот лекар ќе Ви каже колку време ќе трае лекувањето со Кутерид Г. Максималното времетраење на третманот е три недели. Лекувањето не треба да го продолжувате без да се советувате со Вашиот лекар.

Маста Кутерид Г се става на инфицираната кожа како тенок слој од еднаш до двапати на ден и треба нежно да се втрие. Рацете треба добро да се измијат по секое ставање на маста.
Максималната препорачана неделна доза изнесува од 42 g до 49 g маст т.е. приближно 3 туби.

Не употребувајте ја маста ако имате други проблеми со кожата.

*Ако имате впечаток дека ефектот на лекот Кутерид Г е премногу силен или премногу слаб, посоветувајте се со Вашиот лекар или фармацевт.*

**Ако сте зеле поголема доза од Кутерид Г отколку што треба:**
*Ако сте зеле поголема доза од лекот Кутерид Г отколку што е потребно, веднаш треба да се посоветувате со Вашиот лекар или фармацевт.*

Бетаметазон и гентамицин може да имаат системски дејства по долготрајна употреба на маста на големи површини на кожата, по нанесување поголеми количини или под оклузивни завои, особено кај деца.

**Ако сте заборавиле да употребите Кутерид Г:**
*Не земајте двојна доза за да ја надоместите пропуштената.*
Ако сте заборавиле да ја употребите маста, нанесете ја веднаш штом ќе се сетите. Доколку се приближува времето за следната доза, почекајте и нанесете маст во предвидениот термин.

## 4. Можни несакани дејства
*Како и сите лекови, така и Кутерид Г може да предизвика несакани дејства.*

Најчесто пријавувани несакани дејства се различни минливи реакции на кожата.

Чести несакани дејства (се појавуваат кај повеќе од 1 кај 100 и помалку од 1 кај 10 пациенти): чешање, црвенило.

Помалку чести несакани дејства (се појавуваат кај повеќе од 1 кај 1.000 и помалку од 1 кај 100 пациенти): контактен алергиски дерматитис.

На местото на нанесување можно е да се појави сува кожа, иритација (надразнување), милијарија (многубројни ситни, проѕирни, црвени или бели меурчиња), воспаление на фоликулите од влакната, стрии, истанчување на кожата, чувство на боцкање и печење, фотосензитизација (пречувствителност на светлина) и секундарни инфекции. Можна е појава на стероиден дерматитис сличен на розацеа, стероидни акни и иритација околу устата. Продолжената употреба на маста може да предизвика појава на проширени капилари, променета пигментација на кожата, помали крвавења во кожата и прекумерна појава на влакна по телото.
При локална употреба на Кутерид Г ретки се системски несакани дејства. Поголема е веројатноста тие да се појават во случај на долготрајна употреба, при нанесување на поголеми површини на кожата, под оклузивни завои и кај деца. Може да се појават висок крвен притисок, промени во расположението, замор, дебелеење и други промени што се дел од таканаречениот Кушингов (Cushing's) синдром придружен со супресија на надбубрежната жлезда, проблеми со бубрезите и нарушување на слухот.

*Ако забележите какви било несакани дејства што не се споменати во ова упатство, Ве молиме да го информирате Вашиот лекар или фармацевт.*

## 5. Чување на Кутерид Г

Лекот се чува на температура до 25ºC.
**Лекот се чува на места недостапни за деца.**

**Рок на употреба**
*Лекот не смее да се употребува по истекот на рокот на употреба, односно по датумот што е наведен на пакувањето.*

**Начин на издавање на лекот**
Лекот се издава во аптека само врз основа на рецепт.

**Датум на последна ревизија на внатрешното упатство**
*Внатрешното упатство е одобрено:* Јули 2014 година

**Број на одобрение за ставање на лекот во промет:**15-8159/13